**Меѓународен парламентарен приправнички стаж (IPP)**

Програма на Германскиот Бундестаг во  соработка со берлински универзитети

**Дали се ангажирате во социјалниот, научниот или политичкиот живот на Вашата татковина?**
**Дали сте спремни да учествувате во активното и одговорно формирање на иднината на Вашата земја?**
**Дали би сакале да фрлите поглед зад «кулисите» на политиката и да ја доживеете демократијата од најблиска дистанца?**

**Тогаш искористете ја можноста да учествувате во единствената на светот програма на Германскиот Бундестаг и на берлинските универзитети и поднесете барање за учество во Меѓународниот парламентарен приправнички стаж (IPP).**

Во соработка со берлински универзитети Германскиот Бундестаг секоја година им овозможува на околу 100 млади луѓе од меѓувремено 21 земја, единствената прилика во светот да завршат неколкумесечен приправнички стаж во канцеларијата на член на Германскиот Бундестаг, па на тој начин да се запознаат со процесите на донесување на одлуки во германската политика и да соберат практично искуство во областа на парламентарната работа.

Цел на програмата е да се засили интересот кај младите кон демократијата и општеството, тие да бидат охрабрени и воодушевени за учествување во демократскиот живот. Меѓународниот парламентски приправнички стаж (IPP) претставува долгорочна инвестиција во корист на зацврствувањето  на демократските вредности и на толерантноста, а исто така и во унапредувањето на културната разновидност и мирното заедничко живеење во Европа.

Следните држави учествуваат во програмата: Албанија, Босна-Херцеговина, Бугарија, Естонија, Франција, Грузија, Казахстан, Хрватска, Латвија, Литва, Македонија, Полска, Руманија, Русија, Србија и Црна гора, Словачка, Словенија, Чешка, Украина, Унгарија и САД.

Програмата IPP започнува на 1 март и трае вкупно 5 месеци. Во центарот на програмата е приправнички стаж во траење од 3 ½ месеци во канцеларијата на пратеници од Бундестагот. Освен тоа стипендиајнтите посетуваат семинари за подготовка во некоја од петте политички фондации. Дополнително тие учествуваат во паралелна научна програма на трите берлински универзитети заедно со политичките фондации.

Учесниците во програмата IPP добиваат од буџетот на Германскиот Бундестаг **месечна стипендија во износ на 450 евра**. Стипендијата содржи исто така бесплатно станување и преземање на трошоците за здравствено осигурување, осигурување од последици на несреќен случај и осигурување од одговорност. На учесниците ќе им бидат надоместени патните трошоци до и од Берлин.

**Рокот за поднесување на документи за програмната година 2006 завршува на ... јуни/ јули/ август**

Сите останати информации за програмата IPP, и за кандидирањето може да ги најдете овде www.bundestag.de/ipp

Ве покануваме најсрдечно да учествувате и радосно ја очекуваме Вашата кандидатура.

Со срдечен поздрав

Одсек PB4
Администрација на Германскиот Бундестаг.